# ДИЛЕМИ И ПРЕДИЗВИЦИ НА СУДОТ ВО ОЦЕНКА НА ИСКАЗИТЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ЗАВИСНИЦИ

М-р Габриела Гајдова
Судија
Основен суд Велес

# Сведоци

- Сведочењето претставува граѓанска должност и како таква опфаќа должност на сведокот да се јави на покана за сведочење и да даде вистинит исказ за сѐ што му е познато во врска со некое кривично дело, за сторителот на делото или за околностите под кои се случил кривично правниот настан.
- Директни (изворни) сведоци и посредни сведоци (сведоци кои сознанијата ги слушнале од друг).
- Органот што го спроведува испитувањето ја цени веродостојноста на она што го кажуваат сведоците врз основа на исти критериуми: логичката основаност на исказот и степенот на доверба кои може да му се поклони на исказот на сведокот.

# СВЕДОЦИ

- Услов за повикување на едно лице како сведок е веројатноста дека ќе даде податоци за релевантните околности.
- Како сведок може да биде повикано секое лице, без оглед на возраста, доколку е способно да го репродуцира тоа што го знае, а е во врска со кривичното дело, со сторителот или со други околности важни за водење на кривичната постапка.
- Нема ограничувања во поглед на психофизичките карактеристики на сведокот, па така како сведоци можат да се повикаат и глуви и неми сведоци.
- Во таквите случаи само треба да бидат запазени одредбите од ЗКП за начинот на кој треба да бидат испитани таквите сведоци

# СВЕДОЦИ

- Втората обврска што ја сочинува должноста на сведочењето е дека сведокот е должен да ја зборува вистината вистината и ништо да не премолчи од она што го знае во врска со кривичното дело и со извршителот (чл.223 ст.2 од ЗКП).
- Под поимот вистинит се подразбира оној исказ кој во целост е согласен со сознанието што го има сведокот за определени факти
- Сведокот, пак, премолчува нешто тогаш кога не го искажува сето она што го знае, т.е. кога неговиот исказ не е целосна слика за фактите што ги забележал и ги задржал во својата свест.
- Исказот на сведокот е лажен тогаш кога не е во согласност со неговите познавања за настанот и воопшто за фактите што се предмет на докажувањето.

# СВЕДОЦИ

- Лицето што се јавува во својство на сведок мора да поседува лично знаење за она за што сведочи. На пример, лицето треба:

• да е очевидец,

• да слушнало за она за што сведочи и што било кажано од страна на друг сведок/обвинет,

• да не се потпира на она што го слушнало од некој друг.

- Секој сведок може да биде дискредитиран.

# КРЕДИБИЛИТЕТ

- Во утврдувањето на кредибилитетот на сведокот, судот го зема предвид однесувањето на сведокот, постапувањето, карактерот, способноста да се присети на доказите и евентуалната пристрасност или интерес. Други релевантни согледувања за судот се веројатноста, доследноста и други одлики на исказот на сведокот, вклучително и поткрепата од другите докази и околностите на случајот
- Законот предвидува апсолутна забрана за испитување на лицето кое поради својата душевна или телесна болест, односно својата возраст воопшто не е во состојба да сведочи.
- Во таков случај, органот што ја води постапката треба во секој конкретен случај да оцени дали лицето, со оглед на неговата возраст, со оглед на душевната или телесната болест може да биде сведок или не, користејќи притоа помош од стручни лица, педагози, психолози или други вешти лица. (чл.213 ст.5)

# КРЕДИБИЛИТЕТ

- Како сведок може да биде повикано секое лице, без оглед на возраста, доколку е способно да го репродуцира тоа што го знае, а е во врска со кривичното дело, со сторителот или со други околности важни за водење на кривичната постапка (чл.212)
- Кога ќе се појави сомнеж дека сведокот, поради употреба на наркотични дроги или воопшто поради психичката состојба во која се наоѓа, не е во сотојба да сведочи, судот, иако има ограничена доказна иницијативност, заради одговор на прашања од процесна природа, има обврска да бара стручно мислење од вешти лица, а со цел да обезбеди услови за непречено водење на постапката. (*екстензивно толкување на чл.145 ст.6 в.в. ст.5 од ЗКП* )

# СУДСКА ПРАКСА

По однос на наводите во врска со наодот и мислењето К.бр.204/17 од 15.01.2018 година, изготвен од вешто лице д-р. К.Н., невропсихијатар, овој суд констатира дека наведениот вешт наод и мислење не бил изведен на главната расправа, ниту пак, врз основа на овој доказ првостепениот суд утврдил факти. Првостепениот суд во образложението на пресудата само го навел ваквото вештачење во насока на тоа да образложи од кои причини го одбил предлогот на ОЈО Велес во својство на сведок да се испита оштетениот како сведок Т.Н., пред почетокот на главната расправа од 06.09.2018 година.

Пресудено во Врховниот суд на РСМ, од 31.03.2021 година под Квп2.бр.5/2021

# ОБВИНЕТИ

- Процесната способност може да се доведе во прашање и тогаш кога обвинетиот е уживател на наркотична дрога, а од неговото однесување се стекнува впечаток дека истиот не е во состојба да го следи текот на расправата и активно да учествува во неа.
- Заради правилно и законито постапување од страна на судот, Судот има обврска, пред да се впушти во постапување и мериторно одлучување, да ги реши прашањата од процесна природа и да утврди дали постои некоја фактичка или правна пречка за водење на постапката.
- Доколку тоа бара спроведување на определено вештачење, судот има право тоа да го нареди.

# СУДСКА ПРАКСА

Постапувајќи по наредбата вештото лице д-р Катерина Николова, невропсихијатар изготвила писмен наод од месец март 2022 година со мислење-заклучок дека ………..кај обвинетиот настапила трајна неспособност да присуствува на главната расправа, да го следи текот на главната расправа и да ја изнесе својата одбрана, поради што истиот не може да присуствува на судски процес, да го следи судскиот процес, да дава своја одбрана и активно да учествува во судската постапка и тоа како сега така и во иднина, односно истиот ја има изгубено странечката способност.

Од овие причини првостепениот суд правилно одлучил кога ја запрел кривичната постапка спрема обвинетиот, бидејќи поради наведеното заболување обвинетиот не е во состојба да присуствува на главната расправа, да го следи текот на главната расправа и да ја изнесе својата одбрана и тоа трајно, поради што и не може да се започне со главната расправа.

Кж.бр.536/2019 од 11.04.2019 година и со Решение Кж.бр.558/22 од 7.10.2022 година на Апелационен суд Скопје

# ПСИХИЈАТИСКО ВЕШТАЧЕЊЕ
## (од чл.248 од ст.2 до ст.7 од ЗКП.)

- Се определува ако во самиот тек на постапката се јави сомневање дека е исклучена или намалена способноста на обвинетиот да учествува во самата постапка (да дава одбрана, да е активен во предлагање или прибирање на докази во прилог на неговата одбрана итн.).
- Ако вештото лице констатира дека не може да даде наод и мислење само врз основа на еден непосреден преглед, туку е потребно подолго набљудување, лицето се упатува во соодветна здравствена установа. Решение за ова донесува само судот.

# ПСИХИЈАТРИСКО ВЕШТАЧЕЊЕ
(од чл.248 од ст.2 до ст.7 од ЗКП.)

- Задржувањето заради преглед, без судска наредба, во ниту еден случај не може да трае повеќе од 24 часа.
- Времетраењето на посматрањето одобрено од страна на судот е ограничено на еден месец (затоа што во случајот се работи за посматрање во здравствена установа од затворен тип).
- Ова времетраење на посматрањето во здравстената установа може да биде продолжено само за уште еден месец од страна на судот по предлог на управникот на таа здравствена установа, но само по мислење прибавено од вештото лице/вештите лица.

# ПСИХИЈАТРИСКО ВЕШТАЧЕЊЕ
## (од чл.248 од ст.2 до ст.7 од ЗКП.)

- Подолгото посматрање на осомничениот во здравствена установа во суштина значи ограничување на слободата на осомничениот (не е изречно пропишано дека таа е од затворен тип, но ова се подразбира со оглед на фактот дека се работи за подолготрајно посматрање и пропишаното решение од ст.7 дека времето поминато во оваа здравствена установа се засметува во притвор, односно во казната).
- Од овие причини дозволена е жалба на одбраната против решението, во рок од 24 часа до советот од чл.25 ст.5, кој има обврска да донесе одлука во рок од 48 часа, а жалбата не го задржува од извршување првостепеното решение.

# ПСИХИЈАТРИСКО ВЕШТАЧЕЊЕ

(од чл.248 од ст.2 до ст.7 од ЗКП.)

- Кога вештото лице ќе констатира состојба на растроеност, вештото лице е должно да даде подетално образложение за каков вид на растројство се работи, за неговиот степен, за трајноста и какво влијание има врз душевната состојба на обвинетиот.
- Поради карактерот на самото упатување на обвинетиот на подолго посматрање во здравстена установа, со што се ограничува неговата слобода, времетраењето на ова сместување би требало да биде засметано во самото траење на мерката притвор и евентуално во изречената казна

# ПРИЗНАНИЕ НА ВИНА

- Тежината на постапувањето на судот овде е да утврди дали се исполнети  сите услови за прифаќање на дадената изјава за признание на вина

- Претседателот на советот е да испита дали признанието е:

- доброволно
- свесно и
- недвосмислено

# СУДСКА ПРАКСА

СЕНТЕНЦА

Признание на вина на осуден на кого деловната способност му е целосно одземена – чл.465 ст.1т.3 од ЗКП,

Судот сторил повреда на правото на одбрана на осудениот кога на главна расправа донел пресуда врз основа на признание на вина на осудениот, кому деловната способност целосно му е одземена

Пресуда на ВСРСМ Квп1.бр.84/2016 од 24.02.2017 година

# СУДСКА ПРАКСА

СЕНТЕНЦА

Признанието на вина не е манливо и на него може да се заснова пресуда кога осудениот бил поучен за своите права и за правните последици од признавањето на вина, а во присуство на бранител доброволно одлучи да ја признае вината.

Пресуда на ВСРСМ Квп1.бр.28/2015 од 18.03.2015 година

# Исклучок од непосредно изведување на докази (чл.388 ст.4 и 5 од ЗКП)

**Со одлука на судот може да се прочита:**

1. Записник од ОЈО ако има индиции дека сведокот бил изложен на насилство, закана, ветување на пари или друга корист, за да не сведочи или лажно да сведочи на главната расправа,
2. Записник од ОЈО ако лицето кое го дало исказот починало, душевно заболело или е недостапно

Во овие случаи, дозволувајки да се читаат искази на сведоци (т.н.гласини) без притоа да се се дозволи вкрстено испитување може да го направи судскиот процес неправичен доколку осудителната пресуда се заснова целосно или во најголем дел врз таквите докази. (Unterpentinger v. Austria, 24.11.1986)

Ова од причина што, Обвинетиот има право вкрстено да испита сведок чија изјава се изнесува на судењето, а сведокот не се повикува да сведочи.

# Потпирање врз изјави на сведоци што не се изнесени пред суд

Во вакви случаи, Судот во Стразбур ќе ги испита гласините во контекстот на постапката како целина, за да оцени дали имало повреда на правата загарантирани со ЕКЧП.

Допуштањето на докази - читање на искази на сведоци (т.н.гласини) без притоа да се дозволи вкрстено испитување *prima facie* е повреда на начелото на фер постапка и еднаквост на оружјата

Обвинетиот има право вкрстено да испита сведок чија изјава се изнесува на судењето, а сведокот не се повикува да сведочи. Ова свое право обвинетиот може да го оствари со вкрстено испитување на сведокот на претсудското рочиште. (Kostovska v. Netherlands , 20.10.1989 год.)

ЕСЧП при одлучувањето дали со читањето на исказот на сведокот, даден без присуство на одбраната, со што не била дадена можност на одбраната да го испраша сведокот спроведува трослоен тест:

1. Дали има добра причина за отсуство на сведокот и за вклучување на изјавата на отсустниот сведок во доказниот материјал?

2. Дали осудителната пресуда се базира на исказите на отсутните сведоци како единствени и одлучувачки докази (во целост или во голема мера одлучувачки)?

3. Дали постојат доволно заштитни гаранции да надоместат за потешкотиите на одбраната и дали судењето во целина било фер?

Al-Khawaja and Tahiri v. UK

# Анонимни сведоци

чл. 231 ст.1 од ЗКП.

При испитувањето на загрозените сведоци на главната расправа посебно ќе се внимава на правото на обвинетиот и на неговиот бранител да имаат соодветна и доволна можност да ги оспоруваат и да ги проверуваат нивните искази.

Пресудата не може да се темели само врз основа на исказот на загрозениот сведок прибавен со примена на одредбите за прикривање на неговиот идентитет или изгледот заради негова заштита и заштита на неговите блиски лица.

# ЗАКЛУЧОК

- Од се наведено можеме да заклучиме дека Судот, иако има ограничена доказна иницијативност, има право да нареди ветшачење за расчитување на прашања од процесна природа.
- Исто така, доколку Судот одлучи да се прочита исказот на сведокот даден пред јавниот обвинител во текот на истражната посапка, има оибврска да води сметка дали била обезбедена правична остапка и еднаквоист на оружјата во смисла на чл.6 и доколку се работи за исказ кој е неконфронтиран, а во целост или во голема мера на тој исказ се темели осудителната пресуда, тоа води кон повреда на чл.6 од ЕКЧП.

# БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО

Судија

м-р.Габриела Гајдова

e-mail: gabigajdova@yahoo.com